КАМ доо е најголем синџир на маркети во Македонија кој ги применува основните принципи на хард дисконт: Висок квалитет и постојано ниски цени. Присутни сме во три земји во регионот со повеќе од 100 продавници, а успехот на компанијата го обезбедуваат 1.200 вработени кои посветено и професионално ја извршуваат својата работа.

Ние во КАМ знаеме дека нашиот континуиран успех и понатамошен развој се темели на грижата за постојано унапредување, обука и развој на нашите вработени, па затоа бараме личност која ќе му се придружи на **нашиот тим во делот за Човечки Ресурси,** на позицијата

## СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА ОБУКА И РАЗВОЈ НА ВРАБОТЕНИТЕ
**2 извршители (м/ж)**

**Вашиот придонес и главни задачи и одговорности ќе бидат во делот на:**

- изработка, следење и реализација на планови за обуки за вработените во компанијата
- континуирано подобрување на Системот на следење, евалуација и развојот на вработените,
- детекција на најсоодветните и најцелисходни обуки за континуирано надоградување на вработените во сите сектори на компанијата
- развивање и надградување на процедура за интерни обуки и материјали за обука за работни позиции во компанијата
- изработка и ажурирање на едукативни материјали, инструменти за развој и контрола на обуките
- координација и асистенција при изработка и ажурирање на описи за работни места
- изготвување неделни / месечни / годишни планови и извештаи за спроведени обуки.

Очекуваме личности кои се комуникативни, аналитични, темелни, доверливи и лесно прилагодливи. Претпочитаме лица кои се тимски ориентирани и подготвени за работа под притисок и кои спремно би работеле во динамична атмосфера во компанија која е во постојан раст и разво.ј

**Услови кои треба да ги исполнувате:**

- високо образование (Психологија, Економски или друг факултет од областа на општествени / хуманитарни науки),
- работно искуство од најмалку 5 години во областа. Предност ќе имаат кандидатите со работно искуство во делот Обука и развој на вработени,
- познавање на англискиот јазик (познавање и на германскиот јазик ќе се смета за предност)
- одлично познавање на работа на компјутер (MS Office пакет)
- познавање на работа во напреден софтвер за Човечки ресурси

**Ние Ви нудиме:**

- предвидена атрактивна плата + дополнителен бонус, во зависност од успешноста во извршувањето на работните задачи
- работа во интернационална компанија, динамична работа исполнета со нови предизвици и стекнување нови искуства и вештини
- работа во тим кој е секогаш подготвен да Ви помогне, со соодветна воведна обука која ветува напредок и успех;
- Регрес од 30.000 денари
  **компанијата го задржува правото за промена на износот*
- приватно здравствено осигурување за лојални вработени
- слободен ден за роденден
- ваучер за склучен брак
- пакет производи за Бадник/Божиќ
- попусти за одмор во хотелот „Вилиџ“ (Охрид)

Доколку сте во потрага по нови професионални предизвици, мотивирани сте и подготвени за нови успеси, испратете персонална биографија (CV) на адреса:

**КАМ ДОО, Персонален оддел, ул. 35 бр. 39, 1041 Илинден**
или на и-меилот: personal@kam.com.mk

Апликација за работа можете да испратите и преку нашата интернет страница:
**https://kam.com.mk/kariera/**

Изборот ќе се изврши во рок од 15 - 30 дена, во зависност од бројот на пристигнати апликации. Само кандидатите кои ги исполнуваат условите ќе влезат во потесниот избор и ќе бидат контактирани.